-

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09- 46/4**
**02.03.2020година**
**Прилеп**

| **СОУ„ Орде Чопела“ Прилеп** | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 27.11 до 29.11.2019 година |
| **Број на извештај:** | 20/пелагониски/2019 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Антониела Стојаноска |
| **Вид на училиштето:** | Средно стручно општинско училиште |
| **Број на ПУ** | / |
| **Основач на училиштето:** | Општина Прилеп |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 345 |
| **Полова структура на ученици:** | 156 женски и 189машки |
| **Број на наставници:** | 60 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Анита Ѓорѓиеска |
| **Директор на училиштето:** | Анета Пејоска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 14 до 16.11.2016 година |
| **Адреса на училиштето:** | „Самоилова“ 39 Прилеп |
| **Телефон:** | 075 301 765 |
| **Web address** | www.souordecopela.edu.mk |
| **e-mail:** | **souordecopela@gmail.com** |
| **Оценка на ИЕ** | **добро(2,86)** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од 27.11. до 29.11. 2019 година тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во СОУ „Орде Чопела“ Прилеп. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тродневниот надзор тимот на државни просветни инспектори ги спроведе сите планирани активности предвидени со Прирачникот за вршење на интегрална евалуација. Посетени беа наставници кои реализираат настава во училиштето, се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, стручните соработници , стручните органи и тела (Наставнички совет, Училишниот одбор и Советот на родители). Се водеа разговори со , фокус групи на ученици ,со наставниците по стручни активи , со членови на тим за изготвување на Самоевалуација и админстративна служба.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи , посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во СОУ „Орде Чопела“ Прилеп е на ниво Добро (2,86).

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Училиштето ги реализира само наставните планови и програми кои се донесени од страна на Министерството за образование и наука за соодветните струки и образовни профили кои се верифицирани со решенија од Министерот за образование и наука.

Во училиштето покрај редовна настава се реализираат и слободни часови на училиштето, практична настава, професионална пракса , феријална пракса , дополнителна и додатна настава.

Изборот на предмети од изборните предмети во наставните планови по одделните струки се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука.

Практичната, професионалната и феријалната настава се реализира врз основа на наставните програми предложени од центарот за стручно образование и обука и донесени од Министерот за образование и наука. Реализацијата на овој вид на настава задоволува.

Со Годишната програма за работа на училиштето планирано е да се реализираат вонnаставни активности преку работата на секции и групи .

За постигањата на учениците училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи.

Во текот на наставната година се следи успехот на учениците по класификациони периоди (прво тромесечие.прво полугодие, трето тромесечие, крај на наставната т.е. учебната година) Воедно се следат и постигањата од Државната матура и Завршниот испит во училиштето.

Реализацијата и постигањата на учениците по практична настава се добри.

Покрај успехот во училиштето се следи и редовноста на учениците, независно од пол и национална припадност и истата е содржана во периодичните и годишните извештаи.

На почетокот од секоја учебна година секој предметен наставник изготвува Годишни и тематски планирања и истите ги доставува кај стручната служба каде што се врши проверка на внесените содржини и генералии.

Наставата во СОУ „Орде Чопела“ Прилеп се изведува на македонски наставен јазик . Се реализира задолжителна, изборна настава, практича настава ,професионалан пракса, феријална настава , слободни часови на училиштето, додатна и дополнителна настава.

Од посетените наставни часови се констатира дека во училиштето преовладува традиционална настава. Реализацијата на наставата во ова училиште делумно здоволува.

Часовите по додатна и дополнителна настава во училиштето не се одржуваат редовно .

Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Редовните и изборните наставни предмети се оценуваат нумерички, а проектните активности описно .

Училишниот простор е безбеден за непречено одвивање на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците и вработените лица. Во лабораториите и во пекарата каде се изведува практичната настава, на видно место истакнати се мерки за безбедност на учениците и наставниците, во текот на наставата. За оваа учебна година, училишните објекти се осигурани. Во училиштето има вработени четири лица, кои се обучени и имаат сертификат, за давање на прва помош, на лица при несреќи. Училиштето располага со 12 против пожарни апарати .Во училишниот објект поставен е еден хидрант. Училишните објекти располагаат со громобранска заштита.

Во училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање алкохол и забрана за дистрибуирање и користење на наркотични супстанции.

Училиштето има пропишани мерки за грижа на учениците со пречки во развојот. Во училиштето нема ученик или друго вработено лице, кое има физичка попреченост. Пристапот во училишниот објект е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост.

На почетокот од оваа учебна година, училиштето има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор..

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. За учениците и вработените во училиштето, редовно се вршат систематски прегледи. За учениците и наставниците кои реализираат практична настава од хемиско-технолошката струка, на секој шест месеци се врши санитарен преглед. За сите вработени лица во училиштето, во месец јануари 2019 год. е извршен систематски преглед.

Училиштето располага со програма за професионална ориентација на учениците. Во училиштето формиран е центар за кариерно советување, каде што двајца обучени наставници заедно со стручната служба, спроведуваат кариерно советување за сите ученици и се спроведуваат анкети, за проценка на способностите на учениците.

Училиштето има изготвено кодекс за однесување на наставници и ученици, како и куќен ред за однесување на учениците и на вработените лица. Во наведените интерни правилници, јасно се дефинирани сите облици на однесување на учениците и вработените и има пропишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата на однесување.

Секоја учебна година, учениците во соработка со своите ментори-наставници, се подготвуваат и учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Училиштето има пропишан систем на наградување на учениците. За учениците кои постигнуваат најдобар успех и имаат најмал број на изостаноци, училиштето во соработка со локалната самоуправа, организира бесплатна еднодневна екскурзија. Училиштето од завршните години, избира ученик-првенец на генерација и во соработка со средните училишта од општина Прилеп, се врши промовирање на личните постигања на учениците и доделување на награди. При одбележување на патрониот празник на училиштето, за учениците кои постигнале одличен успех и освоиле награди на натпревари, како и за учениците од социјално загрозени семејства, училиштето им доделува ваучери во парична вредност.

Училиштето за учениците кои учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво, им обезбедува финансиски средства, за патни трошоци и учество на

натпревар. Но училиштето недоволно води политика на мотивирање на наставничкиот кадар, преку наградување на наставниците кои помогнале и биле ментори на учениците, кои постигнале високи успеси и награди на државно и меѓународно ниво.

. Соработката на училиштето со родителите се прави преку редовните родителски средби, Советот на родители и преку Училишниот одбор.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата. Локалната самоуправа се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето соработува со деловната заедница при реализација на практичната настава и обука на учениците

Во СОУ Орде Чопела Прилеп управува Училишен одбор кој е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи согласно законот и Деловникот за работа со кои јасно се определени неговите надлежности за управување во училиштето.

Директор на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрување на условите за работа во училиштето и постигањата на учениците.Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

Училиштето има изработено Самоевалуација со деловоден број 01-330 од 16.10.2019 година и Програма за развој заведена со деловоден 01-326 од 16.10.2019 година.

СОУ „Орде Чопела Прилеп - Прилеп има Статут број 01-17 од 10.02.2006 година за кој има добиено согланост од МОН. Училиштето има Решение од МОН за Статутарна одлука за изменување на Статутот на СОУ„Орде Чопела“ Прилеп Уп1 18-3171 од 04.11.2019 година.

За учебната 2019/2020 година училиштето има изготвено Годишна програма за работа 01-261 од 29.08.2019 година и истата е усвоена од Советот на Прилеп со Одлука бој 09-3086/57 од 10.09.2019 година. .

Училиштето нема регистрирано Училишен спортски клуб

.Во училиштето има формирано инклузивен тим со одлука за формирање број 04-22 од 09.10.2019 година .

Во училиштето има формиран тим за меѓуетничка соработка за млади во образованието(МИМО) , број 08-343 од 17.12.2018 година. Има партнер училиште СОУ„Гостивар„ Гостивар .

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Средното општинско стручно училиште „Орде Чопела“ Прилеп е формирано и работи во сопствена зграда изградена во 1959/60 година.Тоа се наоѓа во населбата Точила,во негова непосредна близина е и ученичкиот дом „Орде Чопела“ Прилеп, ООУ„Блаже Конески“ Прилеп, СОУ„Ристе Ристески“ Прилеп, СОУ Гимназија „Мирче Ацев“ Прилеп, Економски факултет и Тутунскиот комбинат.

Во учебната 2019/20 година во училиштето се реализира воспитно-образовна работа во следните струки и образовни профили:

-Од хемиско-технолошка струка, прва година прехрамбен техничар, хемиско лабараториски техничар , втора трета и четврта образовните профили прехрамбен техничар и техничар нутриционист и тригодишно образование пекар

-Од земјоделско-ветеринарна струка, образовните профили права година : техничар за ветеринарна медицина, техничар за фито медицина и агро техничар, а за втора трета и четврта година ветеринарен техничар, техничар за фармерство производство, техничар за хортикултура и техничар за агроменаџмент.

- Од градежно-геодетска струка, образовните профили геодетски техничар, и
- Од струката лични услуги, образовниот профил техничар за очна оптика.

Училиштето има решение за верификациаа за образовни профили според кои се реализира настава во училиштето за втора трета ичетврта година, а за реформираното образование од прва година постапката за верификација е во тек.

Училишната зграда која е изградена од тврд материјал е со вкупна површина од 4300 $м^{2,}$. Наставниот процес се остварува во 18 стандардни училници, и 3 помали кабинети за вонаставни активности, кабинети 5, лабаратории 4 , библиотека со читална, и фискултирна сала со површина од 250 $м^2$ и соблекувални со површина од 50 $м^2$. , пекара и ветеринарна амбуланта.

Хемиските лаборатории се наоѓаат во одделна зграда со површина од 600 $м^2$. Училиштето располага со 4 хемиски лаборатории, магацин за хемикалии и магацин за лабораториски прибор, просторија за вагање и кабинети по хемија и технологија.

Во 2009 година пуштена е во употреба ветеринарна лабораторија за едукација на учениците од образовниот профил ветеринарен техничар.

Во состав на училиштето од април 2005 година работи реална училишна компанија – пекара. Практичната настава на учениците од земјоделско– ветеринарната струка се изведува во оранжерии и мини фарма во кругот на училиштето..

Професионалната и феријална пракакса се реализира во компании и фирми со кои училиштето има склучено и договори.

Постои и образование за возрасни по образовните профилите-прехрамбен техничар и техничар за хортикултура

Во рамките на ГЛОБЕ програмата во училиштето е опремена метеоролошка станица во која секојдневно се вршат мерења на климатските параметри .

Училиштето има библиотека се чуваат книги и учебници и има вкупно 7919 книги од кои 3589 наслови , како и 7330 учебници од кои 87 наслови ,а за учебна 2019/20 година евидентирани 4924 учебници во добра состојба. Другите учебници се постари од 5 години и се за расход. Во училиштето се води електронска евиденција на книгите и учебниците. По сите наставни предмети, за кои МОН има издадено учебници по струки и профили сите ученици се обезбедени.

Наставата по спорт и спортски активности се изведува во фискултурна сала и на надворешени спортски терени. Спортските терени во училишниот двор се санирани и се целосно воупотреба.Училишниот двор е партерно и хортикултурно уреден, а дел со бекатон плочки.

Од страна на училишното раковотство обезбедени се сретсва со кои е молерисано внатрешно целото училиште и во двете згради , обезбедени се нови –бели табли за во сите простории каде се реализира настава, две смарт табли, поставени се компјутери во сите училници и во три училници има ЛЦД проектори со државачи.

Во училиштето настава следат 345 ученици од прва до четврта година на македонски наставен јазик. Наставниот процес го реализираат 60 наставници, училишен, педагог,социјален работник, дефектолог, библиотекар, помошник директор и директорот.

Во училиштето не е констатирана родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програма

Реализацијата на наставните планови и програми е добра. Училиштето ги реализира само наставните планови и програми кои се донесени од страна на Министерството за образование и наука за соодветните струки и образовни профили кои се верифицирани со решенија од Министерот за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми е во пропишаниот обем.

Во училиштето се верифицирани следните струки и образовни профили:

-од хемиско-технолошка струка, прва година прехрамбен техничар, хемиско лабараториски техничар , втора трета и четврта образовните профили прехрамбен техничар и техничар нутриционист и тригодишно образование пекар

-од земјоделско-ветеринарна струка, образовните профили права година : техничар за ветеринарна медицина, техничар за фитомедицина и агротехничар, а за втора трета и четврта година ветеринарен техничар, техничар за фармерство производство, техничар за хортикултура и техничар за агроменаџмент.

- од градежно-геодетска струка, образовнен профил геодетски техничар, и

- од струката лични услуги, образовниот профил техничар за очна оптика.

Училиштето ги реализира наставните планови и програми предложени од Центарот за стручно образование и од Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерстерот за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми задоволува .

Во училиштето покрај редовна настава се реализираат и слободни часови на училиштето, практична настава, професионална пракса , феријална пракса , дополнителна и додатна настава.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе начини да ги информира членовите на Советот на родители, останатите родителии стратаели на ученици и учениците со наставните планови и програми и тоа најчесто преку состаноци .

На почетокот од секоја наставна година секој од предметните наставници ги известуваат учениците за програмските содржини како и со целите и задачите по одреден предмет, за фондот на часови, учебници како и други наставни помагала неопходни за успешна реализација на наставните содржини од предметот.

За констаирани пропусти и недоследности во однос на усогласување на содржини од наставните програми , изборни и редовни наставни предмети, број на нставни часови во наставен план, пропусти во учебници, од страна на училиштето е дискутирано по стручни активни и доставени се нивни сугестии со барања и мислењеа до надлежни образовни институции.

Во училиштето има формирано и Инклузивен тим согласно законот, кој превземаат активности за инклузија на ученици со посебни потреби како и ученици со потешкотии во учењето.

Изборот на предмети од изборните предмети во наставните планови по одделните струки се врши според утврдените насоки од Центарот за стручно образование и обука.

Учениците од втора година на крајот од учебната година од листата на изборни предмети кои треба да ги изучуваат во трета и четврта година имаат слобода да избираат кои предмети сакаат да ги изучуваат.

Практичната, прпрофесионалната и феријалната настава се реализира врз основа на наставните програми предложени од центарот за стручно образование и обука и донесени од Министерот за образование и наука. Реализацијата на овој вид на настава задоволува. Истата се реализира во училиштето и во фирми и претпријатија со кои училиштето има склучено договори. Учениците и наставниците водат евиденција во согласност со насоките за програмирање, организирање и реализирање на практичната обука во стручните училишта.

Реализацијата на наставните програми за слободните часови на училиштето делумно задоволува. Училиштето на учениците им ги нуди програмите за слободните часови изготвени БРО и од ЦСОО. Слободните часови кои се нудат и се реализираат се во интерес на задоволување на потгребите на нставниците до полн фонд на часови.

### 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Во Годишната програма на училиштето се опфатени сите елементи за квалитетно остварување на воспитно-образовната работа. Истата се имплементира.

Квалитетот на планирањата на наставниците е на задоволително ниво.

Училиштето применува и реализира наставни програми одобрени од МОН а истите ги прилагодува согласно потртебите на локалната и регионална средина

По однос на примена на ИКТ во наставата постаојат потешкотии кои произлегуваат од нецелосната покриеност на сите училиници со потребните компјутери. По некои од стручните предмети постојат потешкотии во усвојувањето на наставните содржини по однос на немање на учебникарска литература.

Наставните планови и програми го помагаат личниот и општествениот развој на машките и женските деца подеднакво, а исто така и на учениците од различно етничко потекло.

Училиштето има изготвено насоки за вградување на општите цели на образованието во планирањата на наставниците но истите најчесто се остваруваат преку реализација на вонннаставните активности и часовите на раководителот на паралелката.

Во училиштето постојат можности за интегративен пристап во изготвувањето на наставните планирања посебно по стручните предмети како и практичната

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат континуирано од страна на стручните соработници, а врз основа на изразените потреби и приоритети се планираат обуките. Реализираните обуки се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците.

### 1.3. Воннаставни активности

Со Годишната програма за работа на училиштето планирано е да се реализираат воннаставни активности преку работата на секции и групи. Секоја има одговорен наставник кој ги информира заинтересираните ученици за термините на одржување на секоја од активностите.

Во воннаставни активности се вклучени сите оние ученици кои изразиле желба за учество во истите.Право на учество во работата на секциите имаат сите ученици без разлика на нивната полова,етничка,социјална припадност.

Постоењето на воннаставните активности во училиштето е со цел да им се помогне на учениците во пресрет на некои натпревари од општински,рагионален или државен карактер или пак за учество на некаква манифестација.

Преку учеството на учениците во работата на воннаставните активности училиштето е во можност да се афирмира и популаризара во потесната и средина и регионот.

Бројот на ученици кои учествуваат на ученички натпревари и постигнатите резултати задоволува

Во училиштето функционира и работи кариерниот центар, дебатен клуб и младинската организација. Во нив членуваат сите заинтересирани ученици коишто имаат желба да ги користат нивните услуги.

Во кариерниот центар, секој заинтересиран ученик има можност да ги користи услугите на истиот, а се пред се во функција на полесно наоѓање на работа, волонтирање, подготовка за работа, изборна следна професија и слично.

Училиштето секоја година учествува на регионални и државни натпревари на ученици од повеќе струки и профили кои се изучуваат во училиштето. Евидентни се примери на постигнати добри резултати на ученици на државни натпревари .

Училиштето со годишната програма планира реализација на ученички екскурзии. Истите се реализираат во согласност со правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии на учениците од средните училишта.

Училиштето нема формирано училишен спортски клуб и истиот е во завршна фаза за регистрација во Централниот регистар.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1.Постигања на учениците

Постигањата на учениците делумно задоволуваат.

За постигањата на учениците училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи.Во извештаите има показатели за успехот на учениците за учебната година, по паралелки, по пол, етничка припадност, како и споредбена анализа со претходни учебни години. Минатата учебна година постигнат е следниот успех: прва година-3,39 ,втора година-3,35 ,трета година-3,35 и четврта година-3,47 или вкупен успех во сите години 3,39

Во текот на наставната година се следи успехот на учениците по класификациони периоди (прво тромесечие.прво полугодие, трето тромесечие, крај на наставната т.е. учебната година) Воедно се следат и постигањата од државната матура и завршниот испит во училиштето.

Училиштето организира и дополнителна настава за учениците кои покажуваат слаб успех по поодделни предмети и имаат потешкотии во учењето Исто така се организира и изведува продолжителна настава за учениците упатени на поправен испит, вклучувајќи ги тука и учениците од завршните години за кои исто така се организира продолжителна настава и консултации за поуспешна реализација на државната матура и завршниот испит.

Иденификацијата на ученици со потешкотии во наставата, воглавном ја вршат предметните наставници и класните раководители низ самата настава, додека идентификацијата на ученици со посебни образовни потреби ја вршат предметните наставници пред се преку редовната настава и со укажување од страна на класните раководители односно родителите

Исто така и идентификацијата на надарените ученици ја вршат предметните наставници низ лична проценка преку самата настава.Се организира и додатна настава, посебно со ученици кои се припремаат за учество на натпревари

За овие видови настава ( доплнителна и додатна настава ), предметните наставници, изготвуваат термини за нивно одржување врз основа на кои се изготвува глобален распоред за одржување на доплнителна и додатна настава а кој се изложува на огласна табла.

Реализацијата и постигањата на учениците по практична настава се добри.

Наставниците се трудат да обезбедуваат поддршка на учениците во редовната настава преку прилагодување на планирањата спрема различните способности на учениците За учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на надарените ученици училиштето реализира дополнителна и додатна настава. Реализацијата на додатната и дополнителната настава е добра.

Според евиденцијата за учество и постигнатите резултати на ученички натпревари на државно ниво за последните две учебни години, остварени се добри резултати .

## 2.2. Задржување, осипување на учениците

Покрај успехот во училиштето се следи и редовноста на учениците, независно од пол и национална припадност и истата е содржана во периодичните и годишните извештаи. Минатата учебна година од I-IV година евидентирани се вкупно 21895 оправдани изостаноци, или по ученик 63,28 оправдани изостаноци како и вкупно 3354 неоправдани изостаноци или по ученик 9,69 неоправдани изостаноци.

.На учениците што продолжуваат со неоправдано изостанување, им се изрекуваат постапно и навремено педагошки мерки, согласно Правилникот за начинот на изрекување на педагошки мерки во јавните средни училишта, и се повикуваат родители на советување

По однос на осипувањето на учениците во училиштето, тоа е мало и е најчесто во прва година, во текот на месец септември и октомври.

За испишаните ученици се води евиденција во дневниците за работа со датуми кога се испишале и се издаваат преведници во училиштата каде се запишуваат.

Премини на ученици од други училишта или од ова училиште во други има, иако нивниот број е мал. Во училиштето се почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго

. Голем процент од учениците го завршуваат образовнието.

.

## 2.3. Повторување на учениците

Голем е процентот на ученици што ја завршуваат годината. училиштето се идентификуваат и анализираат причините кои доведуваат до послаб успех и повторување на годината и се превземаат мерки за подобрување на состојбата преку организирање на активности за помош и поддршка како во редовната така и во дополнителната настава.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор на годишните оценки или при повторување на учебната година.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1 Планирање на наставниците

На почетокот од секоја учебна година секој предметен наставник изготвува годишни и тематски планирања и истите ги доставува кај стручната служба каде што се врши проверка на внесените содржини и генералии. Стручната служба користи инструмент во кои се нотираат недостатоците од планирањата на наставниците, а за поефикасно планирање на наставата училиштето на наставниците им дава стручна поддршка

Оперативниот планови за наставен час не изготвуваат сите наставници.За изработка на истите помош и поддршка се добива од стручната служба .Наставниците кои реализираат слободни часови на училиштето ги користат изготвените програми од БРО и ЦСОО.

На почетокот од учебната година секој наставник во сопствените планирања ги предвидува часовите за примена на ИКТ во наставата како и ЕКО содржините по наставниот предмет.

Следењето на планирањата на наставниците го врши редовно стручната служба во училиштето.

За секој наставник-приправник училиштето назначува ментор чијашто основна цел и задача е да му дава помош, поддршка , да го мотивира ,охрабрува, советува, критички оценува работењето на наставникот.

Планирањата најголемиот број од наставниците ги изработуваат индувидуално. Дел од нив разменуваат искуства при планирањето во рамките на стручните активи.

Распоредот за одржување на часовите е во интерес на наставници вработени во училиштето како и учениците

Покрај постоечкиот распоред за редовната настава на огласна табла е истакнат распоредот за одржување на дополнителна и додатна настава како задолжителни типови на настава.Секој предметен наставник кој реализира слободни часови на училиштето истакнува распоред за одржување на часовите како во наставничка канцеларија така и на огласна табла.

## 3.2 Наставен процес

Наставата во СОУ „Орде Чопела“ Прилеп се изведува на македонски наставен јазик . Се реализира задолжителна, изборна настава, практича настава ,професионалан пракса, феријална настава , слободни часови на училиштето, додатна и дополнителна настава.

Од посетените наставни часови се констатира дека во училиштето преовладува традиционална настава. И покрај посетените обуки се забележува дека не сите наставници користат активни техники во наставата ,а исто така недоволно се користи информатичка технологија. Наставниците со учениците најчесто работат индивидуално, или со целата паралелка, а помалку во групи, парови и слично

За потребите на користењето на компјутерите е едуциран скоро целиот наставен кадар. Сите наставници во своите планирања планираат примена на ИКТ во наставата.

Практичната настава се организира во кабинети и работилници во училиштето ,како и надвор со компании и фирми со кои се склучени договори за истата.

Реализацијата на наставата во ова училиште делумноздоволува.

Слободнита часови се организираат и реализираат според Насоките изготвени од ЦСОО. Се реализираат и слободни часови кои се од Проектните активности изготвени од БРО. Не се формирани групи , опфатени се цели паралелки.

На учениците не им задаваат разновидни задачи и активности **.**Најчесто задачите и активностите се унифицирани.

Фискултурна сала овозможува добри услови реализација настава.

Мал и бројаот на наставниците кои ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните резултати .

Компјутерската опрема од Проектот„Компјутер за секое дете„ е застарена и не овозможува употреба

За употребата на ИКТ во наставниот процес училиштето би требало да превземе поголеми активности

Училиштето е вклучено во проектот за Интеграција на екологија во образование т.е, Заштита на животната средина.

Наставниците не прават полова, верска или социјална разлика меѓу учениците и во активностите на часот се работи само со дел од подобрите ученици.

Часовите по додатна и дополнителна настава во училиштето, не се одржуваат редовно .

Училиштето има систем и процедура за идентификување и задоволување на потребите на учениците со посебни потреби.

Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес, редовно се применува во училиштето, во рамките на таа процедура се врши посета на час и евиденција на дневниците за работа на паралелките од страна на стручната служба и директорот во училиштето.

### 3.3 Искуство на учениците од учењето

Училниците , кабинетите, лабараториите и другите просторни услови се во уредна состојба и ги задоволуваат основните критериуми за изведување на настава. Атмосфера за совладување на наставните содржини е добра. Условите за работа во реалната компанија се на задоволително ниво.

Учениците сметаат дека нивното меѓусебно разбирање и соработка се на задоволително ниво Сите подеднакво се мотивираат и поттикнуваат. За сите подеднакво важат сите пропишани процедури и кодекси во училиштето и сите ученици имаат подеднакви права и одговорности пред истите. Мал дел од учениците учествуваат во активностите на часот, а наставниците не преземаат дополнителни активности да ги поттикнат на активност сите ученици.

Во училниците нема доволно истакнато трудови од учениците, соодветни пригодни апликации и пароли, нема доволно нагледни средства ,односно училниците не се доволно уредени . Во училишната зграда, низ ходниците нема истакнато трудови на учениците на видни места.

Соработка помеѓу учениците, наставниот кадар и другите вработени во училиштето е на добро ниво .

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Во училиштето постојат процедури за идентификување на ученици со различни образовни потреби. Формиран е и функционира инклузивен тим составен од членови согласно законските прописи. Со учениците со посебни образовни потреби работи дефектолог, кој покрај на учениците им дава и соодветна поддршка на наставниците

Нема доволно обуки за наставниците за работа со деца со потешкотии и во своето работење наидуваа на потешкотии во реализација на наставата.

Наставниците и стручната служба ги препознаваат образовните потреби преку процесот на учење на секој ученик, со што системски ги идентификуваат. Но, потребно е да се истакне дека не сите наставници применуваат различни техники и методи во процесот на поучување на наставата, заради задоволување на образовните потреби на сите ученици

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува и спроведува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Редовните и изборните наставни предмети се оценуваат

нумерички, а проектните активности описно .Оценките се утврдуваат на секој класификационен период за време на Класните и Наставничките совети.

Оценувањето се врши на усни и писмени одговори,преку изработка на контролни работи,писмена работа,тестови,изработна на проекти и др. Изработки на ученици.

Наставниците за своите потреби користат разни методи и инструменти на оценување во разни фази на часот а најчесто е употребата на наставно ливче кое се покажува како корисна алатка за оценување на степенот на стекнати знаења.

Наставници имаат изготвено критериуми и стандарди за оценување со кои би ги запознале учениците, но се истакна дека тоа што за средното стручно образование сеуште од страна на БРО не се изготвени стандардите и критериумите за оценување што претставува дополнителна потешкотија на полето на оценувањето.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето е секогаш отворено за прием на родители, но присутна е појава на недоволна заинтересираност на родителите за соработка со смото училиште.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите. На родителските средби родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет. Индивидуалните средби се одвиваат по иницијатива на наставникот, директорот или по иницијатива на самиот родител.

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за непречено одвивање на наставата. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците и вработените лица. Во лабораториите и во пекарата каде се изведува практичната настава, на видно место истакнати се мерки за безбедност на учениците и наставниците, во текот на наставата. За оваа учебна година, училишните објекти се осигурани. Училиштето има спроведено постапка за осигурување на вработените лица и учениците. Во училиштето има вработени четири лица, кои се обучени и имаат сертификат, за давање на прва помош, на лица при несреќи. Училиштето има изготвено план на мерки и активности, за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи. На видни места во училиштето се поставени предупредувања од опасности и инсталирани се панични светла. Училишниот објект е под видео надзор и е обезбеден со ноќен чувар. Во оваа учебна година, училиштето има изведено симулација за постапување во случај на пожар и земјотрес. Училиштето располага со 12 против пожарни апарати (ППА). Против пожарните апарати редовно се сервисираат и одржуваат во исправна состојба. Последен сервисен преглед на ППА, е извршен на ден 07.12.2019 год. Во училишниот објект поставен е еден хидрант. Училишните објекти располагаат со громобранска заштита. Во текот на месец март 2019 год. извршена е периодична проверка на исправноста на громобранската заштита.

Училиштето има пишани документи-кодекси, со кои се дефинирани сите облици на однесување на ученици, наставници, родители и другите лица вработени во училиштето. Во училиштето формиран е тим за безбедно училиште и клуб за медијација. Во годишните програми за работа на овие тимови коко и во програмата за работа на училишниот инклузивен тим, дефинирани се сите облици на однесување на учениците и возрасните, кои се сметаат за насилно однесување. Од страна на стручната служба во училиштето, забележано е сајбер-насилство и вербално насилство помеѓу ученици, додека во училиштето нема регистрирано било каков друг облик на насилство од страна на учениците или возрасните. Во изминатата учебна година, стручната служба со ученичката заедница, има реализирано проект за насилно однесување и видови на насилство. Извршена е презентација за превентива од насилно однесување во училиштето и спроведени се анкети за родители, ученици и наставници, за откривање на насилно однесување во училиштето. Училиштето секоја учебна година, во соработка со стручни лица од МВР-Прилеп, одржува работилница на тема „Намалување на насилството и зголемување на безбедноста на учениците во училиштето.

Во училиштето има пишани документи за забрана за пушење, конзумирање алкохол и забрана за дистрибуирање и користење на наркотични супстанции. Во изминатиот период, во училиштето не е регистрирана појава на непочитување на забраната за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и користење на наркотични супстанции. Училиштето во соработка со општинската организација на Црвениот крст и Заводот за здравствена заштита-Прилеп, реализира работилници со учениците на тема: „Заштита од пушење, алкохолизам и наркоманија“. На класните часови, од програмата за животни вештини, се обработуваат содржини од наведените теми, исто така и стручната служба, реализира соодветни предавања за штетното влијание на здравјето кај човкот од зависноста од пушењето, алкохолизмот, наркоманијата и друго.

Во училиштето работи реална училишна компанија-пекара, во која се произведуваат бели пецива, и истите се продаваат на учениците и вработените. Училиштето за исправноста и здравствената безбедност на храната, која се произведува во реалната училишна компанија-пекара, располага со документација добиена од страна на ЈЗУ

Центар за јавно здравје-Прилеп и на секои шест месеци се врши проверка на исправноста на храната.

Училиштето има пропишани мерки за грижа на учениците со пречки во развојот. Во училиштето нема ученик или друго вработено лице, кое има физичка попреченост. Пристапот во училишниот објект е приспособен за потребите на лица со физичка попреченост.

Во оваа учебна година, во училиштето евидентирани се 18 ученици, кои потекнуваат од семејства-приматели на социјална помош. Училиштето нема формирано тим за грижа на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјална загрозеност на нивните родители, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици. Училиштето обезбедува материјални и финансиски средства, за дел од учениците кои се од социјално загрозени семејства и тоа при реализација на училишни екскурзии, прослава на матурски вечери и за набавка на униформи. Севкупната грижа на училиштето за учениците е добра.

### 4.2. Здравје

На почетокот од оваа учебна година, училиштето има извршено дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишниот простор. Подовите во училниците, лабораториите, ходниците, скалите и санитарните јазли, редовно се чистат. Одржувањето на хигиената во училниците, ходниците, канцелариите, санитарните јазли, фискултурната сала и во училишниот двор, задоволува. Санитарните јазли за учениците се оштетени и потребно е нивна целосна реконструкција. Во училниците, ходниците и во училишниот двор, има поставено корпи за отпадоци, а училиштето се грижи, учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето располага со средства за хигиена.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. За учениците и вработените во училиштето, редовно се вршат систематски прегледи. За учениците и наставниците кои реализираат практична настава од хемиско-технолошката струка, на секој шест месеци се врши санитарен преглед. За сите вработени лица во училиштето, во месец јануари 2019 год. е извршен систематски преглед. Училиштето нема договорни процедури, со кои ќе се дефинираат активности и одговорни лица, за реализирање на определена активност за грижа за учениците, кои поради хронично заболување или посериозни повреди, подолго време отсуствуваат од редовната настава.

### 4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето на учениците им обезбедува, точни и најнови информации, за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Училиштето располага со програма за професионална ориентација на учениците. Во училиштето формиран е центар за кариерно советување, каде што двајца обучени наставници заедно со стручната служба, спроведуваат кариерно советување за сите ученици и се спроведуваат анкети, за проценка на способностите на учениците. Со резултатите од спроведената анкета, се запознаваат родителите на учениците. За учениците, стучната служба во соработка со класните раководители, организира посета на високо образовни институции во Прилеп, Битола и Скопје, како и презентацина од одредени факултети во училиштето.

Во склоп на слободните часови на училиштето, има програма за подготовка на учениците за вработување и работа. Оваа програма ја избираат учениците од III и IV година. Стручната служба ги известува учениците и родителите со програмите кои се реализираат во високо образовните институции. Училиштето соработува со Агенцијата за вработување-Прилеп, со што добива информации кои профили се дефицитарни на пазарот на трудот.

Училиштето има изготвено програма за работа со ученици со емоционални проблеми и потешкотии во учењето. Во оваа учебна година идентификувани се 10 ученици со

потешкотии во учењето. На почеток на учебната година, за наставниците се спроведени анкети-прашалници, за проценка на однесувањето на учениците. Стручната служба ја следи работата и однесувањето на учениците со потешкотии во учењето, води дневник за работа и врши советување на учениците и нивните родители. Училиштето има редовна соработка со Здравствените установи, Цантарот за социјална работа и МВР-Прилеп.

### 4.4. Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Во училиштето навремено се изготвуваат полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Целокупната евиденција и документација им е достапна на учениците, родителите и сите други заинтересирани страни. Запознавањето со постигањата на учениците, се врши преку редовните родителски средби, издавање на евидентни листови и свидетелства. Наставниците подготвуваат редовни извештаи за успехот на учениците, по квартали, за својата паралелка. Извештаите според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и на раководниот кадар и се достапни за сите други наставници, родители и за самите ученици.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо по реализација на практичната настава од хемиско-технолошката и земјоделско ветеринарната струка. Најголем број од наставниците, со својата работа и однесување придонесуваат за афирмација на училиштето. Добар дел од вработените доволно ја познаваат мисијата и визијата на училиштето. Училиштето за реализација на практичната настава и практичната обука на учениците, има склучено меморандуми за соработка со поголем број на стопански субјекти и јавни установи. Училиштето се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, за поддршка на инклузивноста и поттикнување на учеството на учениците и родителите во училишниот живот. Поголем дел од вработените уживаат респект кај родителите и учениците. Училиштето ги реализира екостандардите во најголем број наставни предмети. Во училиштето се реализира проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

Училиштето има изготвено кодекс за однесување на наставници и ученици, како и куќен ред за однесување на учениците и на вработените лица. Во наведените интерни правилници, јасно се дефинирани сите облици на однесување на учениците и вработените и има пропишани процедури за постапување во случај на прекршување на правилата на однесување. Правилниците се истакнати на видни места во училиштето. При изготвување на овие документи родителите и ученичката заедница се ангажираат во изработката и донесувањето на истите. Во изминатите три учебни години, најголем број од изречените педагошки мерки (намалено поведение, усна и писмена опомена) на учениците, се заради нередовно посетување на наставата и истите се изрекуваат согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки. За време на реализацијата на наставата и вонnаставните активности постои дисциплина и работна атмосфера.

Во училиштето формиран е тим за училишна медијација, кој помага на учениците, доколку се појават конфликти помеѓу ученици и меѓу ученици и наставници, како да се разрешат истите. Во училиштето владее позитивна клима на меѓусебна доверба и почитување на сите вработени. Раководниот и наставниот кадар имаат важна улога во воспоставување и почитување на односите меѓу наставниците и учениците. Соработката помеѓу стручната служба со наставниците и раководниот кадар е добра.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Промовирањето на личните постигања на учениците во училиштето, се врши при доделување на награди, дипломи, пофалници, при избирање на првенец на генерација од завршните години и друго. Училиштето користи најразлични начини за промовирање на постигањата: секојдневни промоции во училиштето, средби со родители, отворени училишни денови за родителите, учество на конкурси за натпревари, јавни манифестации со културно забавна програма, училишни паноа, организирање екскурзии како награда, редовно информирање за резултатите од успехот и учеството на натпревари.

Наставниците, раководниот кадар, како и стручната служба, ја согледуваат суштината на пофалувањето на учениците, за натамошно мотивирање за постигнување на подобри резултати во учењето.

Секоја учебна година, учениците во соработка со своите ментори-наставници, се подготвуваат и учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Училиштето има пропишан систем на наградување на учениците. За учениците кои постигнуваат најдобар успех и имаат најмал број на изостаноци, училиштето во соработка со локалната самоуправа, организира бесплатна еднодневна екскурзија. Училиштето од завршните години, избира ученик-првенец на генерација и во соработка со средните училишта од општина Прилеп, се врши промовирање на личните постигања на учениците и доделување на награди. При одбележување на патрониот празник на училиштето, за

учениците кои постигнале одличен успех и освоиле награди на натпревари, како и за учениците од социјално загрозени семејства, училиштето им доделува ваучери во парична вредност.

Училиштето за учениците кои учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво, им обезбедува финансиски средства, за патни трошоци и учество на натпревар. Но училиштето недоволно води политика на мотивирање на наставничкиот кадар, преку наградување на наставниците кои помогнале и биле ментори на учениците, кои постигнале високи успеси и награди на државно и меѓународно ниво.

### 5.3. Еднаквост и правичност

Класните раководители во соработка со стручната служба, на класен час ги запознаваат учениците со Конвенцијата за правата на децата. Согласно програмата за животни вештини, учениците се запознаваат со нивните права и одговорности. Во училиштето функционира ученичка заедница, која е избрана слободно и транспаретно со демократски принципи. Со ученичката заедница и со учениците каде во класот има ученици со ПОП, од страна на дефектологот во училиштето се реализираат работилници на тема: „Пристап на лицата со попреченост во секојдневната комуникација“. Стручната служба организира работилници со ученици од класови во кои се вклучени и ученици кои имаат проблеми во однесувањето (ученици кои прикажуваат неприлагодено однесување).

При реализација на содржини од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ родителите се запознаваат со правата на децата. Најголем број од вработените во училиштето, подеднакво се однесуваат со сите ученици, без разлика на пол, етничка, социјална и други разлики.

Во училиштето има ученици од различни етнички заедници. При реализација на проектот МИО, реализација на заеднички наставни и вonнаставни активности и при реализација на практичната настава и обука, училиштето обезбедува меѓуетничка соработка на учениците и вработените.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Во училиштето има пропишана процедура за соработка со родителите и истите активно учествуваат во работата на училиштето. Соработката на училиштето со родителите се прави преку редовните родителски средби, Советот на родители и преку Училишниот одбор. Со реализација на проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ се реализираат активности за вклучување на родителите од различна област, во подобрување на воспитно образовната работа во училиштето. Родител на ученик, во соработка со наставникот-координатор за практична настава, од хемиско-технолошката струка, профил пекар, со непосредна соработка разменија искуства за производство на бели пецива. Од областа на здравството, за профилот техничар за очна оптика, во училиштето организирано е предавање од страна на родител-медицинско лице. Исто така од областа на земјоделско-ветеринарна струка, за образовниот профил техничар за хортикултура, родител на ученик, реализира предавање на тема: аранжирање на цвеќе.

Училиштето активно е вклучено во животот на локалната заедница, преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата. Локалната самоуправа се вклучува во подобрување на условите за работа во училиштето.

Училиштето соработува со деловната заедница при реализација на практичната настава и обука на учениците. Училиштето за реализација на практичната настава и обука за сите образовни профили има склучено меморандум за соработка со поголем број на стопански субјекти и јавни институции во општина Прилеп.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Просторни капацитети

Просторните капацитети на училиштето се добри.

Општинско средното стручно училиште „Орде Чопела“Прилеп е формирано и работи во сопствена зграда изградена во 1959/60 година.

Училишната зграда е изградена од тврд материјал и е во добра состојба.

Училишната зграда која е изградена од тврд материјал е со вкупна површина од 4300 м$^{2,}$. Наставниот процес се остварува во 18 стандардни училници, и 3 помали кабинети за воннаставни активности, кабинети 5, лабаратории 4 , библиотека со читална, и фискултирна сала со површина од 250 м$^{2}$ и соблекувални со површина од 50 м$^{2}$. , пекара и ветеринарна амбуланта.

Хемиските лаборатории се наоѓаат во одделна зграда со површина од 600 м$^{2}$. Училиштето располага со 4 хемиски лаборатории, магацин за хемикалии и магацин за лабораториски прибор, просторија за вагање и кабинети по хемија и технологија.

Во 2009 година пуштена е во употреба ветеринарна лабораторија за едукација на учениците од образовниот профил ветеринарен техничар.

Во состав на училиштето од април 2005 година работи реална училишна компанија – пекара. Практичната настава на учениците од земјоделско– ветеринарната струка се изведува во оранжерии и мини фарма во кругот на училиштето.

Професионалната и феријална пракакса се реализира во компании и фирми со кои училиштето има склучено и договори.

Постои и образование за возрасни по образовните профилите-прехрамбен техничар и техничар за хортикултура

Училиштето има формирано реална училишна компанија за производство на бели пецива и истата повеќе години функционира успешно. Дејноста се реализира во училишните простории.Учениците се вклучуваат директно во производниот процес, каде се произведуваат бели пецива за нивните потреби и практично се оспособуваат. Во реалната компанија се изведува дел од практичната настава за учениците од Хемиско-технолошката струка во строго хигиенски услови кои се под надзор на Санитарната инспекција и Дирекцијата за храна.

Училишната библиотека целосно ги задоволува потребите на учениците како со лектирни изданија, така и со друга стручна литература. Располага со учебници, енциклопедии, стручни списанија и друг литературен материјал. Секоја година книжниот фонд на библиотеката се зголемува.

ГЛОБЕ програмата во училиштето е од 2005 година. За активната работа и учество на ГЛОБЕ семинарите училиштето има добиено опрема за метеоролошката станица каде секојдневно се вршат мерења на климатските параметри и истите преку интернет се испраќаат до светската ГЛОБЕ-обработувачка станица за метеоролошки податоци за клима каде училиштето е активен член.

Наставата по спорт и спортски активности се изведува во фискултурна сала и на надворешени спортски терени, за мал фудбал, ракомет и кошарка кои се реновирани.

Училиштето има библиотека каде се чуваат книги и учебници и има вкупно 7919 книги од кои 3589 наслови , како и 7330 учебници од кои 87 наслови ,а за учебна 2019/20 година евидентирани 4924 учебници во добра состојба. Другите учебници се постари од 5 години и се за расход. истата според просторот и библиотечниот фонд делумно задоволува. Од оваа учебна година се води електронска евиденција на книгите.Бесплатните учебници се складираат, чуваат и доделуваат преку училишната библиотек Во училиштето има и просторија за кариерен центар , кој е поврзување на бизнисот со училиштата и обезбедување на основни информации за пазарот на трудот. Со поддршка на СЕА проектот е обезбедена потребната опрема како и материјали и

тестови за способности и основна обука за барање работа, пишување на професионална биографија, мотивационо писмо, интервју за работа и слично.

Од мисијата на ОБСЕ во Скопје во партнерство со Форум ЗФД (Форум цивилен мировен сервис) и ТЦМЦ (Тренинг центарот за менаџмент на конфликти од Скопје) училиште има добиено и опремен Кабинет за медијација.

Целта на кабинетот е да се промовира училишната медијација како успешен концепт за решавање на спорови меѓу врсници, а со тоа и зајакнување на културата за превземање на поголема социјална одговорност за случувањата во училишната околина од страна на учениците и вежбање на способностите за дебатирање.

Училниците во училиштето ги задоволуваат стандардите за простор.. Санитарните јазли за учениците според бројот незадоволуваат. Училничкиот мебел го има во доволен број и истиот во добра состојба. Училиштето располага со сопствено парно греење.

**За у**чениците од Земјоделско-ветеринарната струка за изведување на практичната настава во рамките на училиштето, е уреден п ластеникот и затворен простор под најлонска фолија на површина од 100 $m^2$ обезбеден со водоводна и електрична инсталација каде учениците одгледуваат градинарски култури. Стакленикот со површина од 100 $m^2$ служи за одгледување на цвеќе.

### 6.2. Наставни средства и материјали

Опременоста со наставни средства и помагала во работилниците и кабинетите за практичната работа задоволува Во училниците каде се изведува теоретската настава има недостиг на наставни средства и помагала,. Потребите од наставни средства и помагала училиштето ги евидентира и на таа основа ги определува приоритетите при остварување на набавката на наставните средства и помагала и материјали. Со финансовиот план училиштето ја планира набавката на училишни помагала и стручна литература.

### 6.3. Обезбедување на потребен кадар

Наставниот кадар во училиштето е доволен по број на соодветни наставници за реализација на воспитно-образовниот процес.

Наставниот процес го реализираат 60 наставници, училишен, педагог,социјален работник, дефектолог, библиотекар, помошник директор и директорот.

Во училиштето не е констатирана родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Обезбедувањето на наставниот кадар е добро.. Наставниот кадар е редовен на работа и ги почитува пропишаните работни задачи согласно законот,статутот и годишната програма за работа.

Наставниот кадар според стручната подготовка, е соодветен по критериумите пропишани со Законот за средното образование и нормативот за наставен кадар, со мал исклучок . Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување, но недостасуваат вештини за задоволување на различните потреби на учениците и работа со учениците со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето.

Стручните соработници и директорот на училиштето ја следат работата на наставниците и нивните потреби за професионален развој.

### 6.4. Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Професионалниот развој на наставниците се евидентира во педагошките досија на наставниците. Училиштето ги следи потребите за професионален развој на наставниот кадар и обезбедува поддршка за негово стручно оспособување.

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалвација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваат потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за

сопствен и колегијален развој. Наставниците преку сопствените активи непосредно ги изнесуваат потребите за професионален развој. Во училиштето постои Тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручна служба, претседатели на активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател).

Се учествува на Обуки , Семинари (во училиштето и надвор од него), како и работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти

Училиштето ја следи работата на наставниците приправници преку одредување ментори кои на приправниците им даваат помош преку остварување на програма.

### 6.5. Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

За финансиското работење во училиштето е одговорен директорот.

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето со во согласност со законските прописи. Со цел да биде добро спроведувано и контролирано во училиштето се изготвуваат финансиски планови и годишен план за јавни набавки и извештаи за реализацијата на истите. Финансовиот план е донесен од органот на управување и истиот е предложен до основачот.

Јавните набавки се организираат и спроведуваат во согласност со одредбите од законот за јавни набавки, изборот се врши преку комисии, а секретарот на училиштето води посебна евиденција за секоја набавка.

Финансирањето на училиштето по однос на плати го врши МОН преку локалната самоуправа, а сопствени приходи се остваруваат од вонредни испити, приходи од закупнина, приходи од реалната училишна компанија и други приходи. Раководниот кадар ги практикува механизмите за стекнување на дополнителни средства.

За училишниот буџет и трошоците редовно се информирани основачот и членовите на Училишниот одбор.

Останатите субјекти (наставниците, родителите) секогаш се информирани на нивно барање. Финансиско работење во училиштето е добро

# 7.Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

## *7.1.* Управување/раководење со училиштето

Во СОУ Орде Чопела Прилеп управува Училишен одбор кој е конституиран согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор работи согласно законот и Деловникот за работа со кои јасно се определени неговите надлежности за управување во училиштето. Состаноците на УО се одржувани со законскиот кворум за работа.

За својата работа Училишниот одбор ги запознава другите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес.

Директор на училиштето како раководен орган има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрување на условите за работа во училиштето и постигањата на учениците.Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето.

Управувањето и раководењето на училиштето е добро.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа и Програмата за развој и истите се во согласност со државната и локалната образовната политика.Двата документи се креирани по насоки на Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука.

Во Програмата за развој има јасност и соодветност на целите како и процедура за креирање на училишната политика.

Училиштето го мобилизира наставниците активно да учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на целите и се запознати со нивното остварување. Родителите и учениците се запознати со целите но истите многу малку се вклучени во реализацијата на истите.

Креирањето на училишната политика е добро.

## 7.3. Развојно планирање

Планираните цели во Програмата за развој се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При изработката на програмата за развој училиштето ги зема предвид ставовите на сите субјекти кои се заинтересирани за работа на училиштето.Училиштето ги информира вработените за поставените цели и постигнатите резултати.

Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниците и има изготвено план за стручно усовршување на наставниците и стручните соработници но со селективен пристап и во зависност од обезбедените финансиски средства .

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално техники средсства и континуирано ги планира и обезбедува материјално техничките средства.

Училиштето има воспоставено соработка со локалната заедница и МОН за подобрување на инфраструктурата на училиштето и квалитетот на наставата.

Развојното планирање на училиштето е добро.

# Наоди и препораки

## Јаки страни

- ✓ Добра и уредно водена електронска евиденција во училишната библиотека
- ✓ Добра поддршка од страна на раковотството на училиштето за успешна реализација на квалитетна настава –преку обезбедување на ИКТ опрема
- ✓ Во училиштето владее позитивна клима, која резултира на взаемно воспоставени односи на соработка, почитување, толеранција и помагање помеѓу сите субјекти.
- ✓ Соработката и поддршката на директорот со сите структури во училиштето
- ✓ Инклузивно училиште
- ✓ Хигиената и работата во реалната училипшна компанија е на високо ниво
- ✓ Добро организирана практична настав во училиштето

## Слаби страни

- ✓ Санитарните јазли за учениците се оштетени и потребно е нивна целосна реконструкција.
- ✓ Недоволна обученост на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби и потешкотии во учењето
- ✓ Недоволна вклученост на родителите во животот на училиштето
- ✓ Голем број на неоправдани изостаноци
- ✓ Нема формирно училишен спортски клуб

## Препораки

- ✓ Да се превземат активности за реконструкција на санитарните јазли
- ✓ Да се превземат активности за подобрување на инклузивниот процес во училиштето /обука и поддршка на наставниот кадар
- ✓ Реализирање на различни активности за вклучување на родителите во училишниот живот
- ✓ Да се превзенмат поголем број на акивности/советувања на родители и ученици се со цел намалување на бројот на изостаноците
- ✓ Да се превземат активности за формирање на училишен спортски клуб

| | |
|---|---|
| Стојаноска Антониела Раководител на инспекцискиот тим | |
| Кочо Прчковски, Инспектор | |
| Кире Ѓорѓиески, Инспектор | |
| Илија Илиески, Инспектор | |